# МАТЕРИЈАЛИ

*проф. д-р Ленина И. ЖИЛА*

## ОД ИСТОРИЈАТА НА ВМРО (ОБ)

Опаѓањето на револуционерното движење во државите на Централна Европа во почетокот на 20-те години го поставило пред Коминтерната, во целост, и пред Руската комунистичка партија (болшевици) (РКП-б) посебно, прашањето за перспективата на "светската револуција". Усложнетата ситуација ја диктирала неопходноста или благовремено откажување од наведената идеја, или наоѓање друг "начин" за нејзина реализација. Првиот пат се покажал неприфатлив за Коминтерната и РКП-б. Задржувајќи ја ориентацијата за "светска револуција", тие само би го пренеле акцентот на "слабите алки од капиталистичкиот синџир", под кои се подразбирале всушност државите од второстепена модернизација. На прв план, тука се имал предвид балканскиот регион. Нему му била наменета улогата на детонатор во настаните кои се подготвувале. Како основен фактор за дестабилизација и напрегање на Балканот се јавиле нерешените или подобро усложнетите национални проблеми како резултат на војната. Поради тоа не е чудно што имено Коминтерната во своите планови сметала на нив. Коминтерната се надевала дека со подемот на национално-ослободителните движења, потчинувајќи ги истите едновремено на влијанието на комунистичките партии, ќе ѝ појде од рака да добие "револуционерна експлозија" во регионот со подоцнежно распространување на истата (согласно со законот за "верижна реакција") и во другите држави во Европа. Составен дел на општиот план станал обидот на Бугарската комунистичка партија да се договори со раководителите на Внатрешната македонска револуционерна организација за обединување на силите. После неуспехот на овој обид било решено да се создаде самостојна организација, повикана да го раководи движењето за ослободување на Македонија. Така се појавила во 1925 г. ВМРО (обединета), која постоела до 1937 г.

Тоа што на ВМРО (об) не ѝ успеало да ја исполни задачата што ѝ била поставена и се заплеткала во рамките на пропагандната дејност во духот на комунистичката идеологија, никако не го намалува зна-

чењето за изучување на нејзината историја. Наспроти тоа последната е проучувана мошне слабо. Ваквата состојба во многу е поврзана, покрај со различните причини од политички карактер, и со ограниченоста на изворната граѓа. Собраните и публикуваните документи и материјали за проблемите за создавањето и дејноста на ВМРО (об): "ВМРО (об). Документи и материјали", Скопје 1991, т. 1 од Иван Катарџиев, историчар од Република Македонија, во голем степен ја потврдуваат наведената констатација, отколку што ја демантираат истата.

За да се измени настанатата состојба на работите, потребно е свртување кон неискористените порано материјали од фондот Коминтерна (ф.495) на бившиот Централен партиски архив ИМЛ при ЦК КПСС, сегашниот Руски центар за чување и изучување на документите за најновата историја (РЦХИДНИ). За тоа сведочат документите, кои се чуваат меѓу таквите на Секретаријатот на Извршниот комитет на Коминтерна, во делот означен како "Извештајна записка на (ИККИ) и проект на тезите за дејностите на КП на Бугарија во врска со решенијата од 7-от конгрес на Коминтерна за бугарските емигранти во САД 1935 г." (насловот на делот, кој по суштината не соодветствува на содржината, објаснува зошто истражувачите, кои се свртени кон прашањето за создавањето и дејноста на ВМРО (об), долго време го заобиколувале со нивното внимание).

Пред се, станува збор за записките на Владимир Поптомов (В.Громов), кој се јавува во ВМРО (об) како клучна фигура, под наслов "Некои моменти од сектанскиот курс на раководството на БКП по однос на македонското-револуционерно движење во Бугарија".

Во октомври 1934 г. во Москва се одржало советување на кое се разгледувала дејноста на ВМРО (об). На него зеле учество Г.Димитров, В.Коларов, Д.Влахов, В.Поптомов и др. На советувањето била избрана комисија на чело со В.Поптомов која била должна да изнесе предлози за реорганизација на работата на организацијата и за нејзината понатамошна судбина (История на Благоевградската окръжна организация на БКП, София 1978, 217).

Прашање: дали функционирала комисијата формирана во 1934 г., ако - да, до какви заклучоци дошла таа? - се уште останува без одговор.

Можно е да се претпостави дека појавата на горе споменатата записка на В. Поптомов била непосредно поврзана со советувањето за ВМРО (об) во 1934 г. Најверојатно тоа е сé, комисијата значи и не пристапила кон работа, органичувајќи се на тоа што В.Поптомов, избран за нејзин раководител и поднесувајќи сметка во Коминтерна како одго-

ворен за "македонските работи", поднел свој заклучок. Ако наведената записка и не се јавува како таква, во крајна мерка, таа точно ја пренесува неговата смисла.

## 1
## Некои моменти од секташкиот курс на раковод. на БКП по однос на македон. нац.-револуц. движење во Бугарија

Прашањето за секташкиот, за неболшевичкиот курс, спроведуван по однос на макед. нац. револ. движење во Бугарија, поприма големо значење во врска со свртувањето на партијата што се прави денес, и заслужува да се разгледа потемелно и да се посочат не само одделни моменти, а цела низа грешки, со кои тоа е спроведувано. За жал јас тука не ја имам при рака неопходната архива, за да се повикам на факти и документи (во зачуваната архива на ВМРО обед., која се наоѓа зад граница, се наоѓаат такви документи) затоа тука ќе се задоволам повеќе со некои општи констатации, а конректни факти ќе изнесам толку колку што сум запомнил.

По моја оценка сите грешки на партијата по однос на макед. нац. ослободител. движење, како во периодот до септември 1923 г., така и по него и особено во последните неколку години, се должат главно на недооценката на македон. нац. револуц. движење како сојузник на пролетаријатот, на неговата улога како револуционерна резерва на пролетерската револуција во Бугарија и на Балканот. Неправилно се оценувани революционерните можности, кои се кријат во национал. потиснатите македонски маси во Петричко и бегалските во Бугарија и од таму е и слаботo влијание на партијата врз нив и препуштањето на таков начин широк терен за влијание врз нив на бугарск. буржуазија и на нејзините врховистички и фашистички агенти.

Треба да се каже дека и покрај горчливото искуство, кое го имаме по однос на улогата и значењето на македонскиот фашизам во превратот на 9 јуни во Септемвриското востание, во закрепнувањето на режимот на Цанков, пред стапувањето на власт на "Народниот блок", а по тоа (на протогеровистите) во воено-фашистичкиот преврат на 19 мај м.г., се уште во практика се потценува значењето на македон. движење во Бугарија. Најпосле тоа се гледа и во водената кампања од партијата за изградување на единствениот народен фронт во Бугарија. Не може да се види дека ниту Р.П., ниту РМС досега се обратиле кон "Братствата" и други масовни макед. организации (каков е особено "Мак. младински сојуз", кој пред неговото растурање броеше 20 илјади

членови) со една конкретна платформа, која би ги содржела елементарните барања на македон. маси во Петричко и бегалците. А во последно време условите беа извонредно благопријатни за мобилизирањето на македонските маси.

На ВМРО (обед.) се гледало како на еден дел на компартијата, а не како на масовна непартиска нац. револуц. организација. ВМРО (об) во стварност во практиката се претвори во едно своевидно второ издание на партијата, кое ги копира не само нејзините политички и организациони форми и методи, туку дури и нејзината фразеологија.

Треба да си признаеме дека и ние комунистите во ЗБ на ВМРО (обед.), во тој број и јас, не бевме туѓи на тоа секташко сфаќање. Др. Георги Димитров, под чие раководство ние работевме, не еднаш не удри по тие наши секташки сфаќања. По иницијативата и под непосредно раководство на др. Димитров на неколку пати и ЗБ на ВМРО (об) презеде обид за проширување на масовната база на организацијата со привлекување во нејзиното раководство внатре во земјата на влијателни непартиски национал-револуционери. Сепак благодарение на секташкиот однос кон непартискиот елемент, на неутралното приложување тактиката на единствен фронт, ВМРО (об) не можеше да се прошири во една масовна организација.

Тука ќе набројам некои посуштествени моменти на тој секташки курс:

**1.** Националните македонски лозунги за самоопределување, за независна и обединета Македонија, против конкретните форми на национален гнет во Петричко, во заштита на бегалските интереси и сл. беа изместени на втор план. На прв план се поставија лозунги за конфискација, за социјализација, за Советска Македонија и сл.

Наместо земање од страна на ВМРО (об) иницијативата и организацијата на масовни политички акции од општо народен македонски карактер, кои сосема природно да ги моблизираат широките народни маси, како што се на пр. годишнината на Илинденското востание, годишнината од распарчувањето и окупацијата на Македонија, годишнината од смртта на Гоце Делчев, од убиството на Сандански, Х.Димов и др. подобни акции, ВМРО (об) се влечеше само на опашката на партиските акции на 1 мај, 1 август и др. слични, при што во своите позиви ги парафразираше партиските лозунги за сеопшт штрајк, за советска власт и сл., без да ги поврзува дури со национално-ослободител. интереси на македонските маси.

**2.** Се знае дека работничките пратеници од Р.П., избрани од бегалците (за такви се сметаа Хр. Трајков и Ал. Мартулков) во Народното собрание најмалку зборуваа за македонското прашање и во заштита

на специфичните интереси на македонските маси. Не затоа што кај нив немаше желба и храброст да го направат тоа, туку затоа што таква беше линијата на партијата.

**3.** Создавањето на ВМРО (об) како едно лошо копие на партијата, особено силно се гледа од донесената резолуција на II конференција на ВМРО (об) во Бугарија по оценката на политичката положба по превратот на 19 мај м.г., која се одржа во месец јуни истата година. Таа резолуција ја констатира не само "револуционерната ситуација", која "настапила" по превратот, но оди уште подалеку, кога го издига лозунгот за вооружување, бидејќи сме се наоѓале во период на подготовка на вооружено востание во Бугарија.

**4.** По однос на раководните кадри на ВМРО (об) се применуваат истите методи на раководење. Така по одвлекувањето на Кавракиров (јули 1932 г.) ЦК на партијата беше назначил за раководство на ВМРО (об) тројца млади другари комунисти, без никаква конференција, без било какво допрашување до основните групи на организацијата-нешто, кое предизвика големо незадоволство сред непартијниот елемент.

Стари и влијателни македонски другари како Мартулков, Калајџиев и др. беа држани на страна, како "непогодни" и "непоправливи опортунисти".

Што се однесува до испраќаните супсидии на ВМРО (об) од зад граница по партискиот канал, треба да се каже дека раководството на партијата често со нив располагаше самоволно. За пример ќе го наведам случајот со испраќањето на една сума од околу 600 долари во ноември 1932 г., која беше примена од партијата и не беше предадена во период од 6 месеци, а по тоа беа почнале да ја исплаќаат по делови и дури колку што знам не ја исплатија во целост.

**5.** Раковод. на партијата допушти најголеми грешки со неправилното разбирање и прилагање на тактиката на единствен фронт со макед. нац. револуц. движење. Од борба за обезбедување улогата на хегемон за пролетеријатот и раководството за компартијата во националослободителните борби на македонските маси, се отиде до непосредно мешање, командување и администрирање од горе со ВМРО (об).

Оттука се и допуштените грешки:

а) Во Петричко не се создадоа партиски организации, бидејќи се сметаше дека групите на ВМРО (об) може да ги заменат, кое покажува до каков степен беше се отишло во мешањето на задачите и улогите на партијата и на ВМРО (об).

б) Во братствата и другите македонски масовни организации не се водеше масовна работа за сплотување во една борбена организација против фашистичките раководства и против нивната предавничка поли-

тика. Таа работа се саботираше или водеше многу секташки, кога се поставувале услови, како признавање на оној лозунг за советска Македонија и др. слични.

в) Не беше искористено опозиционерното расположение на протогеровистичките маси во време на режимот на "народниот блок" за нивно привлекување во општиот антифашистички фронт. Раководството на партијата се ограничи на тајни преговори со врвовите на протогеровистите, кои впрочем не останаа тајна, ниту за власта, ниту за михајловистите и кои не доведоа до ништо или поточно доведоа до обратни резултати. Протогеровистите ги исползуваа, за да си направат таква реклама дека комунистите се со нив и на тој начин дури успеаја да привлечат на своја страна извесни колебливи елементи од средината на ВМРО (об). Таа погрешна тактика беше крунисана со една тајна директива на ЦК на партијата, во која меѓу другото се препорачуваше колаборирање со протогеровистите. Извадоци од таа директива со деловите за колаборирање со протогеровистите беа напечатени во "Слобода или смрт" во в. "Македонија" и ако не се лажам и во в. "Зора". Михајловистите ја исползуваа таа директива, за да ги прогласат комунистите за сојузници и поттикнувачи на убиства на "платени агенти на Белград" (како што ги нарекуваа тие протогеровистите"), со тоа тие се обидоа да ги оправдаат скоро извршените убиства на Хр. Трајков, Хролев (Грофот), П.Напетов и др. Таа директива веднаш ги предизвика протестите на партиските и левичарски македонски средини, како неправилна и штетна. Директивата е напечатена во книшката 1-2 на "Комзнаме" од јануари-февруари 1933 г. Таму делот за колаборирањето е испуштен.

г) Беа пропуштени многу благопријатни моменти за мобилизирање на македонските маси за борба против бугарскиот империјализам. Тука ќе го наведам како пример само оној благопријатен момент, кој се појави во месец декември 1933 г., кога цар Борис направи свечена посета на крал Александар во Белград. На таа средба, на која во преговорите Македонија беше монета за размена, предизвика масовна огорченост сред македонските маси во Бугарија. Братствата и другите македонски организации по заповед на власта длабоко молчеа. За жал со исто такво молчење се задоволи и партијата и се разбира по неа и ВМРО (об). А тоа беше еден редок благопријатен случај, за да биде јасно разобличена предавничката политика на бугарс. империјализам и лагата на "националистич. демагогија" на бугарс. буржоазија и на нејзините македонски агенти по однос на македонскиот народ. Меѓутоа партијата пропушти незабележано еден таков "ситен" случај. Од друга

страна, тоа беше и една недооценка на новата надворешно политичка ориентација на бугарс. буржоазија, на чија ориентација идеолог беше "Звено" и околу кое се групираа воено-фашистичките сили, кои малку подоцна го извршија превратот на 19 мај, кој дојде како изненадување за партијата.

x

Свртувањето, што се направи сега во партијата, свртувањето од лево-секташкиот курс кон реалниот болшевички, треба да стане и преломен пункт кон правилното, болшевичко однесување кон македонското и други нац. ослободителни движења во Бугарија.

5/VII 35 г. Со др. поздрав, В.Громов

Ракопис. Оригиналот на буг. јазик.

РЦХИДНИ-Ф.495-Оп. 18-Д. 1057-а-наведените листови останале непренумерирани.

Наведената записка на В.Поптомов била претставена на почетокот на 7-от конгрес на Коминтерна (25.VII-20. VIII 1935 г.). После овој конгрес В. Поптомов подготвил прашања, потребни појаснениjа, според негово мислење, на прифатените за светот директиви. Во однос на "македонскиот проблем" него го интересирало следното:

## 2

## Некои прашања по национал-революционерното движење во Бугарија, кои подлежат на толкување во духот на VII конгрес на Коминтерна Македонија (Петричко):

1. По единствениот фронт и организационото единство во македонското национал-революционерно движење.

2. Мерки за ликвидација на секташките остатоци во ВМРО (об), кои пречат на нејзино претворање во непартиска масовна народна организација.

3. Постепено преведување на издаваните на бугарски јазик весници на ВМРО (об) на популарно македонско наречје. Исфрлување на партиско-комунистичкате фразеологија, со која се полнат уште изданијата на ВМРО (об). Поголемо искористување и повикување на национално-революционерните традиции на македонскиот народ, на кои ВМРО (об) треба со право да биде единствена наследничка.

(...)

19.IX-935 В.Громов

Текст пишуван на машина. Оригиналот на буг. јазик.

РЦХИДНИ-Ф.495-Оп. 18-Д. 1057-а-Л.33.

По разгледувањето на пренесеното прашање во Извршниот комитет на Коминтерната В.Поптомов ја подготвил оваа проект резолуција:

## 3
## Задачите на ВМРО (об) во Македонија под бугарска власт

Централна задача во оваа етапа на ВМРО (об) и на прогресивното македонско движење во Бугарија си останува изградувањето на единствен општомакедонски национал-ослободителен фронт.

Особено благопријатни услови за тоа се создадоа со настапувањето на разочарување сред масите, кои ги следеа михајловистите и протогеровистите и дури во некои средини на нивните раководни кадри од досегашната политика на соработка со бугарската буржоазија и влади. По ударите нанесени на овие две организации од владите на воено-фашистичката диктатура, идејата за раскинување со дотогашната политика на соработка, која истовремено беше и политика на раскол, на омрази и братоубиства во македонското движење и дури за зближување со работните маси во Бугарија - таква идеја не е веќе туѓа за широките кругови на приврзаниците на михајловистите и протогеровистите. За жал поради старите секташки сфаќања, ВМРО (об) не само што не ја зеде иницијативата во свои раце, но не можеше да ја искористи тука-таму готовноста за соработка меѓу приврзаниците на таа организација и на тој начин пропушти многу благопријатни моменти.

По неуспехот на обидот преку назначување на Национален комитет да се земат македонските братства и од нив да се создаде една поддршка на воено-фашистичката диктатура, владата на Тошев си поставила за задача да ја воспостави Михајловата организација под една или друга форма и дури да го постигне обединувањето на михајловисти и протогеровисти, со цел да ги насочи против ВМРО (об) и македонското прогресивно движење воопшто. Најпосле ударите кои што ги нанесе таа врз ВМРО (об) и делумно врз протогеровистите, ги потврдуваат имено нејзините намери.

Колку оваа политика на владата на Тошев ќе се круниса со успех, до голем степен ќе зависи од активноста на ВМРО (об) и од нејзината правилна политика по изградувањето на македонскиот националноослободителен единствен фронт.

Борбата на македонските маси за сплотување на сите струи и организации треба да се разгори врз најгорливите актуелни прашања, и тоа: премавнување на мешањето и туторството на владата над братствените организации, за свикување на конгрес на братствата и слободен

избор на законит национален комитет, за востановување на Македонскиот младински сојуз, за слобода на собранија, на македонскиот печат и сл.

За таа цел би било добро ако ВМРО (об) респективно прогресивното движење, или на пр., управата на Крушовското братство или неколку такви братства (да ја земе иницијативата за упатување апел кон сите македонски организации и струи, кон михајловисти и протогеровисти, не само кон масите туку и кон врвовите), кон серчани, кон бившите федералисти и ги поканиме на една општа конференција за разгледување на создадената положба и изнаоѓање излез од неа - и главно, за разгледување на прашањето за свикување на еден конгрес на братствата и избирање на Национален комитет, за востановување на ММС, за слобода на македонски собранија, печат, за сплотување на сите Македонци околу братствените организации, околу знамето на Гоце Делчев, Даме Груев, Сандански, Ѓорче Петров и др., под лозунгите за самостојноста на македонското движење и против мешањето на бугарската влада.

Таа конференција треба да избере една времена комисија со претставници од сите македонски струи и организации, која ќе ја раководи борбата во името на поставените задачи. Може да се почне со свикување на такви конференции најпрво по листа и на тој начин да се подготват услови за свикување на општа конференција.

Така ние ќе ангажираме и михајловисти и протогеровисти во борба против владата за остварување на поставените задачи, кои се и нивни задачи. Во процесот на таа борба и во зависност од степенот на идејната еволуција сред раководните кадри на михајловисти и протогеровисти може да се постави и прашањето за организационото единство на нелегалните революционерни организации во една единствена ВМРО. Последната треба да се јави како зрел плод на единственото дејствување, на општата единствена борба и против воено-фашистичката диктатура и во заштита на македонските интереси.

15/XI.35 В.Громов

Текстот е пишуван на машина. Оригиналот е на буг. јазик.

РЦХИДНИ.-Ф.495.-Оп. 18-Д. 1057-а.-Л. 15-17

Ваквите документи, кои се однесуваат на историјата на ВМРО (об) и кои припаѓаат на нејзиниот политички секретар, редакторот на весникот "Македонско дело" В.Поптомов, од делот "Извештајна записка (ИККИ)..." во фондот Коминтерна во РЦХИДНИ, независно од нивниот незначителен број (3), тие во значителна мерка ја отстрануваат посто-

ечката пречка во изучувањето на проблемот за дејноста на ВМРО (об) и конкретно на В. Поптомов, а исто така го корегираат востановеното гледиште. Слични одговори на прашања се наоѓаат во множество во РЦХИДНИ.

*Превела од руски и од бугарски: Д.Петреска*